ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 10-231/6**

**Дата: 15.04.2010**

**ДО**

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиотерапија и Онкологија (во понатамошен текст Клиника) за 2008 година, кои се прикажани на страните од 13 до 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиотерапија и Онкологија (во понатамошниот текст Клиника) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Наталија Ангеловска, в.д. директор до 11.02.2008 година
   - Д-р Симонида Црвенкова, в.д. директор од 12.02.2008 година до 31.12.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 13.10 до 24.12.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 18.03.2010 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 0302-684/1. Истите беа разгледани и точките 10.2.1, 10.2.2, 10.2.5, 10.3.3, 10.4.1, 10.4.2, 10.4.4, 10.5.1, 10.5.2, 10.6.1, 10.6.2, 10.6.3, 10.6.4, 10.6.5, 10.6.6 и 11 и 12 не се прифатени од причини што истите се однесуваат за превземени мерки по дадените препораки од ревизијата. Од тие причини препораката се брише бидејќи субјектот постапил во фазата на забелешки. Забелешките на точката 10.2.3 се прифаќа поради дополнително доставени документи.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај и на интерниот контролен систем, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Систем на интерни контроли***

***Процес на плаќање***

11.1.1 При оценка на системот на интерни контроли во процесот на плаќање, ревизијата констатира дека не постои точно утврдена процедура за прием на финансиската документација во архива, што не е во согласност со членовите 10 и 13 од Уредбата за канцелариско и архивско работење. Влезните фактури директно се доставуваат во Болничка аптека без да се заведат во деловодник, а документацијата која архивски е заведена се распределува по организациони единици без доставна книга. Во рамките на воспоставените контроли не се разграничени надлежностите и одговорностите на лицата одговорни за комплетирање на исплатната документација и контрола на цените, што не е во согласност со Законот за јавна внатрешна контрола и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

Непостоењето на пишани процедури за движење на финансиската документација и контроли, без дефинирани надлежности и одговорности на одговорните лица во овој процес, создава ризик од ненавремено и неевидентирање на обврските како и плаќања по поголеми цени.

Ревизијата не дава препорака за контрола на цените, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија, од страна на в.д. директорот донесена е наредба за воспоставување контроли на влезните фактури поврзани со јавните набавки од страна на одговорните лица.

**Препорака**:
Работоводниот орган на Клиниката да изготви пишана процедура за контрола на движењето на финансиската документација со целосна поделба на надлежности и одговорности на лицата при вршење на контроли во процесот плаќање и имплементација на наредбата.

## Процес на јавни набавки

11.1.2 При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека воспоставените контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола) секогаш не обезбедуваат почитување на обезбедените процедури. Не секогаш се превземени потребните активности, со што не се избегнува односно намалува ризикот од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење да ги задолжат вработените кои се инволвирани во процесот на доделување на договорите за јавни набавки, вклучувајќи го и нивното следење да обезбедат превземање на потребните активности и доследно почитување на контролни постапки во процесот на јавни набавки.

### *Процес на управување и евидентирање на залихите*

11.1.3 Клиниката нема пишани процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лековите и медицинските материјали во рамките на Болничка аптека и во рамките на секоја организациона единица - дневни болници и одделенија. Воспоставените контроли не овозможуваат усогласување на евиденцијата од Болничка аптека со материјалната и сметководствената евиденција и следење на потрошокот и залихите по организациони единици - дневни болници и одделенија, согласно извршените здравствени услуги, што не е во согласност со член 5 став 1 и 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Клиниката.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Клиниката да донесе интерни акти за имплементирање на процедурите за контрола при управување и евиденција на лековите и медицински материјали за постигнување целосна контрола во работењето во рамките на Болничка аптека и организациони единици.

### *11.2. Неправилна примена на акти:*

***11.2.1.*** Клиниката нема обезбедено документ за право на користење на објектот во Охрид, евидентиран на ставката Материјални средства, што не е во согласност со Законот за катастар на недвижности. Истиот се користи од страна на синдикатот на Клиниката како летувалиште за вработените, без да биде регулиран начинот на користење и располагање, што не е во согласност со членовите 48 и 52 од Законот за располагање на недвижните права во државна сопственост.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот за доставување на забелешките на Претходниот извештај од страна на Клиниката превземени се мерки и поднесено е барање до Агенцијата за катастар и недвижности Охрид за промена на називот на корисникот на недвижниот имот кој се однесува на земјиштето и градежниот објект во Охрид.

***11.2.2.*** Во 2008 година како работоводен орган, директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиотерапија и Онкологија именувано е едно лице, директор од областа на медицината, но не и лице како втор директор, што не е во согласност со член 137 од Измените на Законот за здравствена заштита (“Службен весник на РМ” 5/07 ). Во текот на 2008 година Клиниката има распишано конкурс за избор на два директора и целокупната документација од постапка е доставена до Министерството за здравство, но до денот на вршење на ревизијата од страна на министерството не е извршено именување на втор директор. Овој начин на раководење не овозможува подеднаква одговорност на две лица во работењето и превземањето на обврските во правниот промет.

**Препорака:**
Клиниката да ја продолжи иницијативата за избор на втор директор, согласно закон и именување на втор Директор како работоводен орган во соработка на Министерство за здравство.

***11.2.3.*** Клиниката нема донесено Правилник за плати, други права по основ на плата и надоместоци на плата, односно директно го спроведува Колективниот договор за здравствена дејност, без одлука од Управен одбор, што има влијание пресметката на плата за дел од вработените да не се врши согласно коефициентите утврдени со Колективениот договор. Пресметката на додатоците на плата, се врши на основица каде коефицитентите за одделни степени на сложеност се зголемени со коефициенти за услови за работа, раководење и минат труд, што не е во согласност со член 61 од Колективниот договор за здравствената дејност, што претставува поголема основица за пресметка на износите за продолжена работа, ноќна работа, празници и дежурства.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што е во тек изготвување на нов Правилник за плати, други права по основ на плата и надоместоци на плата, во 2009 година.

***11.2.4.*** Ревизијата утврди дека клучните работни места во Клиниката, кои се однесуваат на финасиската и правната проблематика како и управување со залихите во Болничка аптека не се пополнети, поради необезбедена согласност за вработување по поднесени барања до надлежните институции. За непречено одвивање на работата, ангажирани се лица со несоодветна стручна подготовка од редот на вработените и преку Авторска агенција, што не е во согласност со Правилникот за организација на работни места и Законот за здравствена заштита и тоа:
- за извршување на работни задачи, Раководител на Одделение за административо технички работи ангажирано е лице со работно место Раководител на отсек за работни односи, кое во исто време е секретар - кореcподент и врши работи од административно - правната проблематика.
- за извршување на работни задачи Раководител на Одделение за финансиско сметководство, шалтерско работење и јавни набавки, ангажирано е лице надворешен консултант, преку Авторска агенција за извршување работи во врска со спроведување на јавните набавки на лековите, врши нарачки со согласност од директорот и работи во делот материјалното финансиско работење.
- за извршување на работни задачи Раководител на отсек и фармацевски техничар во Болничка аптека, ангажирано е едно лице - медицинска сестра, која во текот на годината извршува работи како медицинска сестра по одделенија и работни задачи во врска со прием и издавање на лекови, магацинска евиденција и известување за состојбата на лековите во аптеката.
Непостоење поделба на должностите и одговорнистите на лицата ангажирани на овие работни задачи не обезбедува доверливост и интегритет на информациите, придржување

кон законите, подзаконските и интерните акти, како и насоките на раководството при носење на деловни одлуки.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија, од страна на Клиниката се превземени мерки и поднесено е Барање за обезбедување на согласност за вработување на лица во редовен работен однос и добиен негативен одговор од страна на Министерството за финансии, дека поради донесената времената забрана за нови вработувања по Одлука на Влада од 21.04.2009 година не постои можност за реализација на бараното вработување, а во иднина Клиниката прво треба да се обрати до ФЗОМ, кој потоа комплетираните барања ги доставува до Министерството за финансии.

***11.2.5.*** Клиниката на крајот на 2007 година нема изработено финансиски план, согласно изворите на финансирање од наставна, научна и здравствена дејност, по видови на расходи, согласно член 141 став 1 од Законот за здравствена заштита. По назначување на в.д.директор од месец 02.2008 година изготвена е проекција на буџетот, која не претставува финансиски план, што има влијание на реалното разграничување на расходите, согласно изворите на финансирање.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во текот на 2009 година изготвен е предлог план за 2010 година и истиот е доставен до Фондот за здравствено осигурување.

***11.3. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:***

***11.3.1.*** При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2008 година, ревизијата констатира непочитување на процедурата за вршење попис, утврдена со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- не се изготвува Извештај од извршениот попис, при што не се утврдени состојби на средствата и нивните извори и разлики по усогласување со фактичката состојба утврдена со пописот.
- попис на лековите и медицинскиот материјал се врши врз основа на изготвени лагер листи каде освен називот на артиклите се дадени и количините за состојбата, при што физичкиот попис е извршен врз основа на познати податоци, за што ревизијата не можеше да се увери во објективноста на истиот.
- извршено е погрешно прикажување на ставката Залиха на материјали во износ од 5.105 илјади денари, што претставува погрешна пренесена состојба на залихите на лекови и медицински материјали, поради што не е извршено усогласување на материјалната со магацинската евиденција во 2007 година и несоодветни прикажувања во 2008 година.

Вршењето на нецелосен и неправилен начин на попис, без усогласување на сметководствената со фактичката состојба, влијае на реално и објективно искажување на податоците и потврдување на целосноста и сеопфатноста на искажаните средства во Биланс на состојба на ден 31 декември.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија, од страна на клиниката се превземени мерки и обезбедени поединечни извештаи од пописните комисии и генерален извештај од централна пописна комисија по пописот од 2009 година. Доставени се пописни листи на лекови и медицински материјал со наведен назив на артиклите, без познати податоци за количините.

***11.3.2.*** Евиденцијата на фактурите во сметководството се врши еднаш во месецот, без разлика кога се примени во магацинот или во архивата, што не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. При исплатата на обврските спрема добавувачите евиденцијата на фактурите се врши збирно, без затворање на ставките по број на фактура по добавувач. Ваквиот начин на евиденција и контроли не обезбедуваат навремено и точно утврдување на состојбата на обврските во текот и на крајот на годината.

Ревизијата не дава препорака за наодот, поради тоа што во текот на ревизијата од страна на Одговорниот сметководител на Клиниката превземени се мерки за правилна и навремена сметководствена евиденција, согласно законот.

***11.3.3.*** Со ревизија на ставката Залиха на материјали констатирано е дека воспоставените евиденции не обезбедуваат целосно согледувања за состојбата и движењата на лековите и медицинските материјали, што не е во согласност на  Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- материјалната евиденција не ги превзема податоците на количините по евидентираниот прием на лекови и медицински материјал во магацинската евиденција и врши повторно внесување на количините и цените, што предизвикува неусогласеност на евиденциите за количините кај одредени артикли,
- сметководствена евиденција на лекови и медицински материјал не се заснова врз документ за прием – приемница и документ за издавање – требување, туку врз основа на месечни Извештаи за вкупно примени и вкупно издадени количини при што не го одразуваат временскиот редослед на настанување,
- не е воспоставена материјална/сметководствена евиденција за лекови и медицински материјали по организациони единици - дневни болници и одделенијата,  освен рачна евиденција за количините на лековите – цитостатици кај дел од организациони единици, што придонесува за нецелосно искажување на залихите во Билансот на состојба,
- не е воспоставена евиденција на прием и трошење на лековите примени како донација, поради неутврдена вредност на истите, што влијание на нецелосно искажување на залихите во Билансот на состојба и во пресметките за извршените здравствени услуги,

Ревизијата не дава препорака за утврдената состојба  кој се однесува на евиденцијата на лекови и медицински материјали за Болничка аптека, поради тоа што во текот на 2009 година е започната имплементација на нов програм со единствена база на податоци на лекови и медицински материјали и истата се заснова на соодветна документација за прием и издавање, и целосна имплементација на интегрираниот систем на евиденција на лекови и медицински материјали и воведување на финансиска евиденција по организационите единици - дневни болници и одделенија.

***11.3.4.*** Со ревизија на залихите на ситниот инвентар, констатирано е дека не се изготвува документ (реверс) за задолжување на лицата што подигнале ситен инвентар, поради погрешнио воспоставена пракса на издавање по усмени барања од самите одделенија по видови и количини, што не е во согласност со Законот за сметководствотото за буџетите и буџетските корисници, со што се оневозможува контрола при управување и користење на истите.

Ревизијата не дава препорака за наодот, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија од страна на клиниката се превземени мерки и доставени документи (реверс) за задолжување на лицата со ситниот инвентар за 2010 година.

**Препорака:**
Раководниот орган да ги задолжи лицата кои користат ситен инвентар од минати години.

***11.3.5.*** Клиниката врши наплата на парични средства, по основ на извршени здравствени услуги од лица кои не се осигурани - приватните пациенти од земјата и од странство. Наплатата од пациентите до месец 04.2008 година се вршела на благајна во готово, а средствата се уплатувале од страна на благајникот на сметка во носителот на платниот промет. Овој начин на наплата е заменет со директна уплата од страна на пациентите на сметката на Клиниката, врз основа на претходно изготвена уплатница (ПП10), на која како налогодавач за уплата не се појавува пациентот, туку лице ангажирано како консултант на

Клиниката, што не е во согласност со член 12 став 1 и член 18 став 2 точка 1 од Законот за платен промет (Сл.Весник на РМ бр.113/07.....133/09).

Поради непостоење на посебно изготвен интерен акт, со точно утврдена процедура за начинот на наплатата по тој основ со задолжување за уплата и раздолжување при уплата на средства по пациент, ревизијата не доби доволно уверување за целосноста на остварените приходи по тој основ.

Ревизијата не дава препорака за начинот на наплата, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија од страна на клиниката се доставени докази за превземени мерки кои се однесуваат на извршени уплати на сметката на клиниката во 2010 година од лица - странски државјани преку нерезидентни сметки како налогодавач ќе се појавува пациентот.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Клиниката да превземе мерки за изготвување на интерен акт, со точно утврдена процедура за начинот на наплатата по основ на извршени здравствени услуги на лица кои не се осигурани - приватните пациенти од земјата и од странство, согласно Законот за здравствена заштита и Законот за платен промет.

### *11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

***11.4.1.*** Во 2008 година од ставката Стоки и услуги за набавка на лекови – цитостатици извршена е исплата на фактури по поголеми цени од договорените во износ од 598 илјади денари, поради грешка при фактурирање од добавувачите и невоспоставени контроли на цените од страна на Клиниката. Истото има влијание на исплата на поголеми расходи по тој основ и можни злоупотреби.

Во текот на ревизијата Клиниката достави книжно задолжение и записници до добавувачите за износот на утврдената грешка во цени при фактурирање.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија, од страна на Клиниката се превземени мерки од в.д. директорот донесена е наредба за воспоставување контроли на цените на влезните фактури од страна на одговорните лица и изготвен е Записник за извршено усогласување на состојбата заклучно со 31.12.2009 година.

***11.4.2.*** Пренесени се средства од Медицински Факултет за вршење наставно-научна дејност од страна на вработените во Клиниката во вкупен износ од 1.222 илјади денари, без склучен договор/спогодба за регулирање на меѓусебните односи за прашања од взаемен интерес и начинот на распределба на средствата помеѓу Клиниката и Медицински Факултет и без список на лицата кои ги реализирале стручните предавања, што не е во согласност со член 133 од Законот за високо образование и член 9 од Статутот на Клиниката.

Со дознаката на средствата Медицински факултет ги разграничил износите кој треба да бидат исплатени на име плата, надоместоци за храна и превоз, придонеси и персонален данок, а клиниката исплатата ја извршила како авторски хонорар во вкупен износ од 972 илјада денари, на лицата ангажирани во настава, без точно разграничување на времето за работа во Клиниката и Медицински факултет. Клиниката на лицата ангажирани во наставата им исплатува плата за полно работно време, а од средствата добиени од Медицински факултет, неосновано им исплатува и авторски хонорар, што не е во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност и Законот за здравствена заштита.

Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на договор/спогодба со Медицински Факултет, поради тоа што за 2009 година е склучен договор за регулирање на меѓусебните односи за прашања од взаемен интерес и начинот на распределба на средствата помеѓу Клиниката и Медицински Факултет број.02-794/1 од 21.04.2009 година.

**Препорака:**
Исплатата на пренесените средства од Медицински факултет за лица кои вршат здравствена дејност во Клиниката и истовремено вршат високообразовна дејност, како функционална целина во двете установи со полно работно време, да се врши во согласност со Договорот за регулирање на меѓусебните односи за прашања од взаемен интерес, Колективниот договор и Договор за вработување.

***11.4.3.***Не е воспоставена сметководствена евиденција како побарување по основ пресметаната партиципација, по организациони единици, поради сметководствено евидентирање само на износот на уплатената партиципација од 3.373 илјади денари, што не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Поради несоодветна евиденција за осигурени и неосигурени лица и лица кои се задолжени и ослободени од плаќање на партиципација, ревизијата не можеше да се увери во висината на износот на партиципација, која од месец јули 2008 година останува како приход на Клиниката.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија од страна на клиниката се доставени докази за задолжување и евидентирање на пресметаната и уплатената партиципација за 2010 година.

***11.4.4.***При ревизијата на приходите остварени од надстандардни услуги, утврдени се определени неправилности и тоа:

- Не е донесена одлука за користење на надстандардни услуги за периодот до 05.05.2008 година, поради што ревизијата не можеше да се увери во начинот на пресметката на приходите на име надстандардни услуги до тој период.
- Во прилог на дел од налозите во кои е евидентирано плакањето, по основ користење на надстандардни услуги нема согласност од пациентите, што не е во согласност со точка 1 од одлука на УО бр.0201-693/1 од 05.05.2008 година.

По 05.05.2008 година, донесена е одлука за користење на надстандардни услуги и воспоставена е правилна пресметка на приходите на име надстандардни услуги.

**Препорака:**
Одговорните работници при наплата по основ користење на надстандардни услуги, да обезбедува согласност од пациентите и согласностите да ги доставуваат во сметководство, како прилог во налозите за книжење.

### *11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

***11.5.1.***Ставката Залиха на материјали во Билансот на состојбата е потценета за износот од извршениот попис на лекови и медицински материјали по организациони единици од 5.355 илјади денари, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Невоспоставена материјална/сметководствена евиденција на лековите и медицинските материјалите по организациони единици - дневните болници и одделенијата, придонесува Клиниката да нема увид над реалните залихи во секоја организациона единица пооделно, со што се оневозможува контрола при управување и користење на истите.

Ревизијата не дава препорака за наодот, поради тоа што во периодот за доставување на забелешките на Претходниот извештај од страна на Клиниката се превземени мерки за целосна имплементација на интегрираниот систем на евиденција на лекови и медицински материјали и воведување на финансиска евиденција по организационите единици - дневни болници и одделенија.

***11.5.2.***Со ревизија на побарувањата за извршени здравствени услуги од ФЗОМ, констатирани се состојби што не се во согласност со одредбите од Законот за здравствена заштита и истите влијаат за нереално прикажување на обемот на извршените здравствени услуги и нивно признавање и тоа:

- Во 2008 година за период од 07-10 месец при фактурирање спрема ФЗОМ извршено е фактурирањето по поголеми цени од референтните цени на лекови кои се утврдени со Одлуката за определување на референтни цени кои паѓаат на товар на ФЗОМ, донесена од страна на Управниот одбор на ФЗОМ, што не е во согласност член 7 од Правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лековите (Сл. весник бр.8/2008), каде централно се внесуваат податоците за цените фактурирано е повеќе во вкупен износ од 5.469 иљади денари (2.649 иљада денари за амп.herceptin 150мг и 2.820 иљада денари за таб. xeloda а 500мг).

- Евиденцијата на побарувањата за извршените здравствени услуги се врши по фактури и пресметки кои содржат податоци за услуга, потрошените лекови и медицински материјали, без да се наведат податоци за бројот на историјата на болест и докторот кој ја составил истата, што влијае на неможноста за разграничување на издадената терапија по историја на болест и пациент.

- Извршено е фактурирање до ФЗОМ за 4 (четврти) месец во поголем износ од 3.132 иљади денари, поради искажана поголема количина на потрошени 63 амп.herceptin,, отколку што е требувано од Болничка аптека и евидентирано по Извештај за вкупно издадени количини, со кои се задолжени организационите единици, што укажува на неправилности при трошење на лековите од страна на организационите единици.

Ревизијата не дава препорака за утврдената состојба од алинеа 1 поради тоа што во текот на 2008 година започнато е да се врши редовно известување за цените до ЈЗУ Заеднички служби, при што фактурирањето е согласно референтните цени.

Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на алинеа 2 и 3 поради тоа што во текот на вршење на ревизијата од страна на в.д. директорот на Клиника превземени се мерки за водење на книги за евиденција на пациенти, како задолжителна обврска за секој оддел, со сите потребни податоци за пациентот. Извршено е правилно пополнување на Пресметки за извршената здравствена услуга и потрошените лекови и медицински материјали со наведени целосни податоци за пациентите и бројот на историјата на болест по пациент. Исто така превземени се мерки за контрола на правилно трошење и прикажување на лековите од страна на организационите единици.

### *11.6. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

***11.6.1.*** Во текот на 2008 година извршена е исплата за додаток на плата врз основа 3 одлуки на Управен одбор (број 0201-697/1 од 22.04.2008 година 0201-1693/2 од 29.09.2008 година и 0201-2143/1 од 01.12.2008 година) за распределба по проценти врз основа на придонесот на работникот во создавање на добивката од средствата добиени од приватни пациенти – странски државјани во вкупен износ од 6.614 иљади денари и покрај исплатата на надоместок од вршење дополнителна дејност на странци, што не е во согласност со членовите 73 и 75 од Законот за установите, односно вишокот на средствата остварен од работењето не се вложени наменски и во согласност со основачот.

Исплатата на надоместоците врз основа на Одлуки на Управен одбор кои не се во согласност со законската регулатива предизвикува незаконско и ненаменско трошење на средствата на клиниката.

**Препорака:**
Органот на управување во Клиниката да изврши преиспитување на донесените одлуки за распределба на средства добиени од пациенти за извршување на дополнителна дејност и оневозможи исплати вон утврдените правила.

***11.6.2.*** Ревизијата не можеше да изрази мислење за управувањето со залихите на лекови и медицински материјали кај организационата единица на Клиниката - дневна болница 1 поради кражба на документацијата која е побарана во текот на вршење на ревизијата и се состои од картици за лекови и дневници за дневна евиденција на пациенти. Кражбата е констатирана и е пријавено во МВР, со пријава за кражба бр. 2442-2521 од 11.11.2009 година. Според пријавата проценета е вредноста на издадените лекови на годишно ниво изнесува приближно 200.000 илјади денари.

***11.6.3.*** Универзитетската клиника во текот на 2008 година од ставката Други неспоменати договорни услуги извршила исплата во вкупен износ од од 714 илјада на име авторски хонорари за физички лица ангажирани за извршување на работни задачи кои произлегуваат од работен однос, вршење на здравствени услуги-лекар, биохемичар, медицинска сестра; за одржување на медицинска апаратура, информатичар, консултант физичар и консултант за економско финасиката проблематика, што не е во согласност со Законот за работни односи и тоа:

- врз основа на Одлука на УО бр.0202-1545/1 од 29.08.2008 година, склучени се авторски договори за 5 лица и извршени месечни исплати по 10 илјади по лице,
- врз основа на Одлука бр. 0201/1997/1 од 05.11.2008 година, склучени се авторски договори со 6 лица и извршени месечни исплати по 30 илјади за лице, што претставува дополнително зголемување на надоместокот за иста работа,
- ангажирано е 1 лице консултант за економско финасиката проблематика без Одлука од Управен одбор.

Висината на надоместоците не е утврдена врз основа на Правилник и без пресметки за начинот по кој ќе се утврдат надоместоците во текот на годината, поради што за исти лица е исплатуван различен износ на надоместок, што не е во согласност со одредбите на Законот за авторските права и сродните права и Законот за трговските друштва.

Непочитувањето на законските прописи предизвикува ангажирање на лица, што не е во согласност со законските прописи и неможност за остварување на правата од работен однос, односно право на ПИО и здравствено осигурување.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Клиниката да превземе мерки за обезбедување на согласност за вработување на лица во редовен работен однос за работните места каде не се пополнети како и за зголемениот обем за вработување на лица на определено време.

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

***11.6.4.*** При изготвување на планот за јавни набавки не е извршено дополнување на планот со измените кои настанале во текот на 2008 година, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки. Несоодветното планирање на јавните набавки придонесува од планиранините 31 јавна набавка да не се реализираат 10, а се спроведат 20 непланирани постапки за јавна набавка во износ од 63.946 илјади денари.

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот за известување од извршената ревизија од страна на клиниката се превземени мерки и доставен е Ревидиран годишен планот за јавни набавки за 2009 година.

***11.6.5.*** Во текот на 2008 година, Клиниката по спроведената постапка за групна набавка на лекови со Меѓународен тендер од ФЗОМ има склучено договори за лекови од позитивната листа на лекови со рок на важност до 31.07.2008 година, без да бидат определени износите и количините за реализација на договорите, што не е во согласност одредбите од Законот за јавни набавки. Поради необезбеден преглед на склучени договори помеѓу ФЗОМ и добавувачите и неукажување од страна на ФЗОМ и добавувачите и неукажување од страна на ФЗОМ за надминување на договорените

количини по доставените податоци за нарачки од клиниката, создадени се залихи на одредени лекови (bondronat, herceptin, neupogen, xeloda) кои се акумулирани како залихи на крајот на годината во износ од 37.755 илјади денари и за истите се исплатени поголеми цени од цените постигнати со меѓународниот тендер на клиниката, за што е извршено и зголемување на буџетскиот лимит.

***11.6.6.*** При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- При спроведување на јавните набавки во зависност од постапката за доделување на договор за јавна набавка, известувањето на понудувачите чија понуда не е избрана за најповолна не е целосна, односно не се наведени имињата на другите избрани понудувачи и известувањата се испратени по факс, што не е во согласност со член 57 став 3 од Законот за јавни набавки. Вака воспоставената пракса претставува несигурност пратените документи навистина да се добиени од страна на понудувачите.

- Кај постапките со прибирање на понуди, покани за учество се испратени по факс најмалку до тројца економски оператори, но во доказот не е наведено до кој економски оператор е доставена поканата, има само број на факс.

- Кај постапките со преговарање, без објавување на оглас не е изготвен извештај од евалуацијата на понудите, а по изборот на најповолен понудувач, еконосмките оператори не се известени во предвидениот рок, спротивно на член 167 од Законот за јавни набавки, а известувањето до Бирото за склучениот договор не е навремено, што не е во согласност со член 55 од Законот за јавни набавки.

- Членовите на комисијата немаат потпишано изјави за постоење на конфликт на интереси, кои се составен дел на документацијата за соодветната постапка за јавна набавка

Несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки и неправилно склучени договори, согласно законската регулатива, создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени понудувачи и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Надлежните за управување и раководење со клиниката да ги задолжат вработените одговорни за спроведувањето на постапките за јавни набавки и доделување на договори за јавни набавки, континуирано да ги превземат потребните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.2. до 11.6 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Универзитетската Клиника за Радиотерапија и Онкологија на 31 декември 2008 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 11.2. до 11.6 кај Универзитетската Клиника за Радиотерапија и Онкологија не остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

## 14. Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата, а се однесуваат на:

*Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

14.1.1.Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиотерапија и Онкологија извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2009 година и пуштени се налози за прекнижување, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои имаат ефект на намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2008 година за износ од 335 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправките се спроведени со налог за книжење.

**Овластен државен ревизор**

Скопје, 12.04.2010 година

**ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиотерапија и Онкологија**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 45.625 | 7.933 |
| Трансфери и донации | 624.531 | 27.116 |
| **Вкупно приходи** | **670.156** | **35.049** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 73.261 | 17.196 |
| Стоки и услуги | 573.624 | 8.785 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 1.783 | 1.071 |
| Каматни плаќања | 4 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **648.672** | **27.052** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 13.462 | 2.169 |
| **Вкупно капитални расходи** | **13.462** | **2.169** |
| **Вкупно расходи** | **662.134** | **29.221** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **8.022** | **5.828** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиотерапија и Онкологија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 ден.**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 8.022 | 5.828 |
| Побарувања | 3.345 | 12.747 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 15 | 8 |
| Побарувања од вработените | 0 | 6 |
| Финансиски и пресметковни односи | 2.441 | 869 |
| Побарувања од државата и други институции | 595 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 148.050 | 131.000 |
| Залихи | 78.409 | 18.964 |
| **Вкупно тековни средства** | **240.877** | **169.422** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 4.369 | 0 |
| Материјални средства | 580.071 | 52.854 |
| Материјални средства во подготовка | 0 | 5.256 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 0 | 4 |
| **Вкупно постојани средства** | **584.440** | **58.114** |
| **Вкупна актива** | **825.317** | **227.536** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 142.245 | 126.788 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 879 | 386 |
| Краткорочни финансиски обврски | 61 | 42 |
| Обврски спрема државата и други институции | 7 | 5 |
| Финансиски и пресметковни односи | 2.441 | 869 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 668 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.899 | 4.159 |
| Пасивни временски разграничувања | 11.092 | 17.529 |
| **Вкупно тековни обврски** | **161.624** | **150.446** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 663.693 | 77.090 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **663.693** | **77.090** |
| **Вкупна пасива** | **825.317** | **227.536** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 ден.**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **58.126** | **18.964** | **77.090** |
| **Зголемување по основ на:** | **590.766** | **548.596** | **1.139.362** |
| Набавки | 590.766 | 548.596 | **1.139.362** |
| **Намалување по основ на:** | **63.608** | **489.151** | **552.759** |
| Отпис на капитални средства | 45 | | **45** |
| Кусок | 3 | | **3** |
| Амортизација | 63.548 | | **63.548** |
| Корекции од субјектот | 12 | | **12** |
| Потрошок на материјали, резервни делови и ситен инвентар | - | 489.151 | **489.151** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **585.284** | **78.409** | **663.693** |

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 10-231/14**

**Дата: 26.05.2010**

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07), постапувајќи по Приговорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје (во понатамошниот текст Клиника), против Конечен извештај на овластениот државен ревизор број 10-231/6, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Приговорот поднесен на **точките 11.2.2, 11.5.2, 11.6.1, 11.6.2. 11.6.3, 11.6.5 и 11 и 12,** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје **не се прифаќа,** а приговорот на точките 11.2.2. во делот на препораката и 11.6.3. алинеа 2 **се прифаќа.**

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

## Образложение

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија за 2008 година поднесен е приговор заведен под број 10-231/13 од 18.05.2010 година. Со поднесениот приговор се доставени дополнителни докази со кои не може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, освен во делот на препораката на точка 11.2.2. и точка 11.6.3. алинеа 2 поради што Овластениот државен ревизор ги дава следниве образложенија за одбивање на приговорот:

1. Упатениот приговор на **точката 11.2.2.,** кој се однесува на утврдената состојба дека во 2008 година како работоводен орган, директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиотерапија и Онкологија именувано е едно лице, директор од областа на медицината, но не и лице како втор директор, што не е во согласност со член 137 од Измените на Законот за здравствена заштита (“Службен весник на РМ” 5/07 ). Во текот на 2008 година Клиниката има распишано конкурс за избор на два директора и целокупната документација од постапката е доставена до Министерството за здравство, но до денот на вршење на ревизијата од страна на министерството не е извршено именување на втор директор, и дека не треба да се стави на товар на Клиниката **се прифаќа во делот на препораката,** поради тоа што со Решение од Министерот за здравство број 3659/1 од 05.05.2010 година, е именувано лице како втор директор на Клиниката.

2. Упатениот приговор на **точката 11.5.2 алинеја 1 и 3** кој се однесува на утврдената состојба дека во 2008 година за период од 07-10 месец при фактурирање спрема ФЗОМ извршено е погрешно прикажување на цената на одредени лекови, поради невоспоставена процедура за известување до ЈЗУ Заеднички служби, каде централно се внесуваат податоците за цените, при што е фактурирано повеќе во вкупен износ од 5.469 илјади денари (2.649 илјада денари за амп.herceptin 150мг и 2.820 илјада денари за таб. xeloda a 500мг), што не се во согласност со одредбите од Законот за здравствена заштита, **не се прифаќа,** поради тоа што е извршено фактурирањето по поголеми цени од референтните цени на лекови кои се утврдени со Одлуката за определување на референтни цени кои паѓаат на товар на ФЗОМ, донесена од страна на Управниот одбор на ФЗОМ, што не е во согласност член 7 од Правилникот за утврдување на критериуми и постапка за одредување на референтни цени на лековите (Сл. весник бр.8/2008).
Упатениот приговор на **точката 11.5.2. алинеа 3** кои се однесуваат на констатацијата дека е извршено фактурирање до ФЗОМ за 4 (четврти) месец во поголем износ од 3.132 илјади денари, поради искажана поголема количина на потрошени 63 амп.herceptin,, отколку што е требувано од Болничка аптека и евидентирано по Извештај за вкупно издадени количини, со кои се задолжени организационите единици, што укажува на неправилности при трошење на лековите од страна на организационите единици, **не претставува забелешка,** тука објаснување за прифаќање на констатациите од наодот и превземени мерки за контрола од страна на раководството на клиниката и дека овие неправилности не се повторуваат во наредниот период.

3. Упатениот приговор на **точката 11.6.1.** кои се однесуваат на констатацијата дека во текот на 2008 година извршена е исплата за додаток на плата врз основа 3 одлуки на Управен одбор (број 0201-697/1 од 22.04.2008 година 0201-1693/2 од 29.09.2008 година и 0201-2143/1 од 01.12.2008 година) за распределба по проценти врз основа на придонесот на работникот во создавање на добивката од средствата добиени од приватни пациенти – странски државјани во вкупен износ од 6.614 илјади денари и покрај исплатата на надоместок од вршење дополнителна дејност на странци, што не е во согласност со членовите 73 и 75 од Законот за установите, односно вишокот на средствата остварен од работењето не се вложени наменски и во согласност со основачот, **не се прифаќа,** поради тоа што исплатата на надоместоците врз основа на Одлуки на Управен одбор кои не се во согласност со законската регулатива предизвикува незаконско и ненаменско трошење на средствата на клиниката.

4. Упатениот приговор на **точката 11.6.2.** кои се однесуваат на констатацијата дека ревизијата не можеше да изрази мислење за управувањето со залихите на лекови и медицински материјали кај организационата единица на Клиниката - дневна болница 1, поради кражба на документацијата која е побарана во текот на вршење на ревизијата и се состои од картици за лекови и дневници за дневна евиденција на пациенти. Кражбата е констатирана од страна на директорката и е пријавено во МВР, со пријава за кражба бр. 2442-2521 од 11.11.2009 година, за што е известена и ревизијата. Според пријавата проценета е вредноста на издадените лекови на годишно ниво изнесува приближно 200.000 илјади денари, **не претставува забелешка,** тука објаснување за тоа како е дојдено до настанатата ситуација.

5. Упатениот приговор на **точката 10.6.3. алинеа 2** кои се однесуваат на констатацијата дека врз основа на Одлука бр.0201/1997/1 од 05.11.2008 година, склучени се авторски договори со 6 лица и извршени месечни исплати по 30 илјади денари за лице, што претставува дополнително зголемување на надоместокот за иста работа, **се прифаќа,** поради тоа што е доставена дополнителна документација.

6. Упатениот приговор на **точката 10.6.5.** кои се однесуваат на констатацијата дека во текот на 2008 година, Клиниката по спроведената постапка за групна набавка на лекови со Меѓународен тендер од ФЗОМ има склучено договори за лекови од позитивната листа на лекови со рок на важност до 31.07.2008 година, без да бидат определени износите и

количините за реализација на договорите, што не е во согласност одредбите од Законот за јавни набавки, **не се прифаќа,** поради тоа што заклучно со 31.07.2008 година Клиниката врши нарачки врз основа на кои се создадени залихи на одредени лекови (bondronat, herceptin, neupogen, xeloda) кои се акумулирани како залихи на крајот на годината во износ од 37.755 иљади денари и за истите се исплатени поголеми цени од цените постигнати со меѓународниот тендер на клиниката, за што е извршено и зголемување на буџетскиот лимит.

7. Упатениот приговор на **точката 11 и 12** кои се однесуваат на дадена несоодветна оценка на работењето во мислењето, **не се прифаќа,** бидејќи формулацијата на мислењето е точно утврдено согласно стандардите за ревизијата и Упатствата на Државниот завод за ревизија.

Врз основа на напред изнесеното, а согласно член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија, се донесе решение како во диспозитивот.

**Главен државен ревизор**

**Тања Таневска**